Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.41-7244/1
10.10.2013 година
Скопје

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог - закон за изменување на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции, што го утврди на седницата, одржана на 10.10.2013 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Никола Тодоров, министер за здравство и Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

м-р Владимир Пешевски

Подготвил: м-р Александра Дранговска
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Никола Тодоров, министер за здравство

Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство

ПОВЕРЕНИЦИ: Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство

Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за . изменување на
Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции

Скопје, октомври 2013 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со овој закон се врши усогласување на Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08 и 124/10) со Законот за инспекциски надзор.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со решенијата содржани во Предлог Законот ќе се усогласат решенијата во овој закон со решенијата содржани во Законот за инспекциски надзор

Предлог законот се заснова на истите начела на кои се заснова и Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции**.**

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог-законот за изменување на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции не предизвикува фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлог-законот за изменување на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции не предизвикува фискални импликации по одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ – ЗАКОН

# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ОПОЈНИ ДРОГИ И ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ

## Член 1

Во Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“, бр. 103/08 и 124/10) во член 89 став 2 зборовите „министерот за здравство“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 мај 2014 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со член 1 се врши изменување на постојниот член 89 ставот 2 каде што се предлага по жалба изјавена против решение на инспекторот наместо министерот за здравство да одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани во функција на соодветна практична имплементација на предметниот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбеди усогласување со Законот за инспекциски надзор.

Текст на одредбата од Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08 и 124/10) што се менува

Член 89

Инспекторот со решение ги определува мерките за кои е овластен, согласно со прописите за општа управна постапка и овој закон.

По жалбата против решението на инспекторот во втор степен решава министерот за здравство.

Жалбата по решението не го одлага неговото извршување.